**Република Северна Македонија**
**Влада на Република Северна Македонија**
**Центар за Управување со кризи**

**Предмет: ИНФОРМАЦИЈА за состојбите и настаните во Република Северна Македонија за перидот од 08:30 часот На ден 08.08.2019 г. до 08:30 часот на ден 09.08.2019 г.**

Дел. Бр. 14-10/220
09.08.2019 година

Центар за управување со кризи

Димче Мирчев бр.9
П.ФАХ 372 1000 Скопје,
Република Северна Македонија
Тел. (02) 3249 101
Факс. (02) 3249 213
Сајт: www.cuk.gov.mk

**Информацијата е изработена според добиените писмени информации од Регионалните центри за управување со кризи, како и информациите од други субјекти кои учествуваат во системот за управување со кризи, во кои се наведуваат состојбите во областите за кои се надлежни.**

**За наведениот период ЦУК ги презентира следните обработени и селектирани информации:**

## 1. ЕЛЕМЕНТАРНИ И ДРУГИ НЕПОГОДИ

### *1.1. Активни пожари*

**РЦУК – Штип,** известува шумскиот пожар кој избувна на локација стар пат **с.Бели - Пониква - м.в.Побиен камен** на 03.08 а беше изгаснат на 04.08 и зафати борова шума, повторно е активиран на ден 08.08.2019 година. Пожарот се шири во правец на селата **Бели** и **Лешки** и зафатил голема површина со борова и багремова шума. Во текот на ден 08.08.2019 година интервенирале од ТППЕ-Кочани 15 пожарникари со 5 возила, ШС „Осогово„ -Кочани 15 вработени, ТППЕ-Виница 2 пожарникари со 1 возило, КЈП „Водовод“-Кочани 4 вработени (3 цистерни и 1 багер), и МВР ПС-Кочани 2 полициски службеници. За денес (09.08.2019г.) е побарана интервенција на воздухоплови. Сообраќајот на патниот правец **с.Бели – Пониква** е регулиран од ПС Кочани во двата правци и се одвива во отежнати услови со чад. Досега нема информации за опожарени или оштетени викендици или други објекти. Од ТППЕ-Кочани, известија дека утринава (09.08.2019г.) од кај нив на шумскиот пожар на локација **с.Бели-Пониква,** упатени се 15 пожарникари со 3 ПП возила, и 5 пожарникари со 1 возило од ТППЕ-Виница. Се очекува и ТППЕ-Каменица и ТППЕ-Штип во текот на денот да се вклучат со свои ресурси во гаснење на пожарот. Од ШС „Осогово“-Кочани во гаснењето на пожарот ќе се вклучи со 30 вработени. Помош во текот на денот очекуват да добијат од соседни ШС. Во 07.00 часот, Градоначалникот на Општина Кочани на локацијата на пожарот, закажа одржување на состанок на Кризниот штаб со надлежни субјекти, кои ќе се ангажират за негово гаснење.

### *1.2. Останати пожари*

**РЦУК – Скопје,** известува дека **БППЗ на Град Скопје** во периодот од 13:05 до 15:50 часот со 2 ПП возила и 5 пожарникари интервенирале за гаснење на запалена плевна, сува трева и стрниште на површина од околу 2.000 м$^2$ во **с.Цршево (опш.Гази Баба).** Во периодот

од 19:15 до 20:00 часот интервенирале на **ул.Бутелска б.б.** за гаснење на запалено патничко возило. Интервенирале со 1 ПП возило и 3 пожарникари. (Опш.Бутел). Имале и 3 помали интервенција за запалена сува трева и отпаден материјал во околината на **Скопје.**

**РЦУК – Битола,** известува дека **ТППЕ Битола** во текот на денот имале 1 помала интервенција за запалена сува трева во околината на градот.

**РЦУК – Струмица,** известува дека **ТППЕ Струмица** во периодот од 15:15 до 16:00 часот со 4 ПП возила и 14 пожарникари интервенирале за гаснење на запален магацин на **Основен суд Струмица** во кој се чувала запленета роба.

**РЦУК – Штип,** известува дека **ТППЕ-Штип** во периодот од 11:45 до 13:30 часот интервенирала на запалена викендица во **с.Карбинци** опш.Карбинци. Интервенирале со 2 ПП возила и 6 пожарникари. Во гаснењето на пожарот повредено е едно лице од месно население кое се обидувало да го гасне пожарот додека да дојде екипата на ТППЕ-Штип. Лицето со возило на ИМП-Штип е пренесено во клиничка болница Штип со изгореници од втор и трет степен во стабилна состојба. Во периодот од 21:00 до 22:40 часот со 1 ПП возило и 3 пожарникари интервенирала на запалена сува трева во близина на живинарската фарма на **КИТ-ГО**.

**ТППЕ-Берово** во период од 17:10 до 18:00 часот интервенирале на запалена сува трева во **м.в. Илиова дупка**. Интервенирале со 1 ПП возило и 2 пожарникари.

**РЦУК – Куманово,** известува дека **ТППЕ–Куманово** од 18,25 на ден **07.08.2019 година** до 02:15 часот на ден ден **08.08.2019 година** интервенирале на пожарот во **с.Орашац.** Интервенирале со 1 ПП возило и 5 пожарникари. Пожарот бил локализиран до 02,15 часот. **ШС Куманово** во 07,00 часот пратиле екипа со 1 возило и 6 вработени на терен заради контрола на опожареното подрачје. Со 2 ПП возила и 5 пожарникари интервенирале на запалена напуштена стара куќа во **с.Кучкарево**. Со 1 возило и 2 пожарникари интервенирале на запалено стрниште во **с.Скачковце**. Со 1 возило и 3 пожарникари интервенирале на запалена сува трева во **Спомен костурница**. Со 1 возило и 3 пожарникари интервенирале на запалена сува трева и нискостеблеста шума во атарот на **с.Матејче**.

**РЦУК – Тетово,** известува дека **ТППЕ -Тетово** со 1 ПП возило и 3 пожарникари интервенирале во гасење на запалена сува трева во **с.Боговиње-Општина Боговиње.**

## 2. ТЕХНИЧКО – ТЕХНОЛОШКИ КАТАСТРОФИ

***2.1. Радиолошка, хемиска или биолошка контаминација и загадување на воздухот, водотеците и човековата околина***

Од **Министерството за животна средина** добиено е известување во кое се наведува дека за ден **07.08.2019 година,** сите мерни параметри на Автоматските мониторинг станици за квалитет на амбиентниот воздух се во рамките на граничните вредности.

**РЦУК – Охрид,** ја пренесува информацијата од **ЦЈЗ-Битола** во која се наведува дека водата за пиење е бактериолошки неисправна во водоводите во **селата: Ехлоец, Извор, Попоец, Кленоец, Подвис и Лазоровци.**

## 3. НАРУШУВАЊЕ НА РЕДОВНИТЕ СОСТОЈБИ ВО КОМУНАЛНАТА СФЕРА, СООБРАЌАЈОТ И ПРИ ПРОБЛЕМИ ВО СНАБДУВАЊЕТО СО ЖИВОТНИ НАМИРНИЦИ И МАТЕРИЈАЛНИ ДОБРА

***3.1. Водоснабдување***

**РЦУК – Скопје,** ја пренесува информацијата од **ЈП Водовод и канализација** во која се наведува дека поради дефект на затворач на водоводна мрежа со пречник 100 мм на **ул.Хелсинки бр.51**, без вода од 09:30 до 12:00 часот останале корисниците од дел од истата **улица** и **улиците Виенска** и **Нобелова** (опш.Карпош).

**РЦУК – Битола,** ја пренеусва информацијата од **ЈП Водовод и канализација** од **Прилеп** во која се наведува дека поради дефект на водоводната мрежа во пеирод од 08:00 до 14:00 часот без вода останале корисниците од **улиците Антон Панов, Велешка, Методија Патчев, Мечкин Камен** и реонот на **Пречистителна СОВ**.

**РЦУК – Куманово,** ја пренесува информацијата од **ЈП Водовод и канализација – Куманово** во која се наведува дека во текот на денот интервенирале на дефект на **улиците: Ѓуро Ѓаковиќ, Максим Горки, Бајрам Шабани, ул.1, Долно Којнаре, ул.Војан Стојановски бр.5 - Табакана и нас.Средорек**

**РЦУК – Охрид,** ја пренесува информацијата од **ЈКП Стандард – Дебар,** во која се наведува дека од 13:00 до 16:00 часот има рестрикција во водоснабдувањето.

**РЦУК – Велес,** ја пренесува информацијата од **ЈКП Дервен – Велес** во која се наведува дека поради приклучок од 09:00 до 11:00 часот без вода останале корисниците од улиците **Народен Фронт, Кумановска и Оливер Китановски.** Поради дефект од 09:30 до 12:00 часот без вода останаа корисниците од **ул.Васил Главинов**.

*3.2. Електроснабдување*

**ЕВН Македонија известува дека поради планирани зафати на електро дистрибутивната мрежа на ден 12.08.2019 година без електрична енергија ќе останат:**

- **Од 11:00 до 13:00 часот, корисниците од дел од ул.11-ти Октомври и ул.Питу Гули (опш.Штип);**
- **Од 09:00 до 14:00 часот, корисниците од с.Издеглавје (опш.Охрид);**
- **Од 08:00 до 10:00 часот, корисниците од дел од ул.И.Р.Лола, Штипски сокак и др, делот од ул.И.Р.Лола кај Музичкото училиште, пицерија Верона и околината. Сите ресторани, салони, пекара, продавници и др. од Штипскиот Сокак (опш.Штип);**
- **Од 09:00 до 10:00 часот, корисниците од објектите позади Хелга (опш.Тетово).**

*3.3. Производство на електрична енергија*

**РЦУК – Битола,** ја пренесува информацијата од **РЕК – Битола** во која се наведува дека **ТЕ – 1** работел со снага од 160 MW, **ТЕ – 2** работел со снага од 205 MW, **додека ТЕ – 3** е во застој.

**РЦУК – Охрид,** известува дека **ХЕЦ Глобочица** има произведено 475.000 квч електрична енергија.

**РЦУК – Тетово,** ја пренесува информацијата од **ЕЛЕМ ХЕЦ Маврово“** во која се наведува дека **ХЕЦ „Вруток“** произвела 1.295.000 квч, **ХЕЦ „Равен“** произвела 153.000 квч и **ХЕЦ Врбен** произвела 24.356 квч електрична енергија.

*3.4. Нарушување на сообраќајот*

Во извештајот добиен од **АМСМ** во **06:20** часот на ден **09.08.2019 година** се наведува дека сообраќајот на државните патишта се одвива по суви коловози.

Интензитетот на сообраќај на патните правци надвор од градските средини е зголемен. На граничните премини Богородица и Табановце возилата се задржуваат од 15 до 30 минути, на другите гранични премини од македонска страна, нема подолги задржувања за влез и излез од државата.

Забраните за движење на тешки товарни возила, на државните патишта и на магистралниот пат, Скопје – Охрид – Скопје се на сила до 01.09.2019 година и истата важи за време на викендите во одредени временски интервали.

**АМСМ** известува и дека на неколку места низ државата се изведуваат градежни работи на пат, каде е поставена соодветна сообраќајна сигнализација.

**РЦУК – Скопје,** ја пренесува информацијата од **Македонски железници,** во која се наведува дека поради високите температури, има ограничување на максималната брзина на движење на возовите на **50 км/час.**

## 4. ОСТАНАТИ ИЗВЕСТУВАЊА

### *4.1. Управа за хидрометеоролошки работи – временска прогноза*

Од **УХМР** известуваат дека времето ќе биде сончево и многу топло со зголемена облачност во текот на денот и со услови за краткотраен локален дожд во источните делови. Ќе дува слаб до умерен ветер од североисточен правец. Минималната температура ќе биде помеѓу 15 и 23, а максималната ќе достигне од 33 до 40 степени. УВ=8. Во **Скопје,** сончево и многу топло со мала до умерена облачност и слаб до умерен североисточен ветер. Т-ра: 21/38 степени. До среда (14.08) ќе се задржи сончево и многу топло време. Ќе биде активирано жолто, а во некои подрачја и портокалово ниво за опасност од високи температури и УВ зрачење.

### *4.2. Институт за трасфузиологија*

**РЦУК – Скопје,** ја пренесува информацијата од **Институтот за трансфузиона медицина на Република Македонија** во која се наведува дека на ден **09.08.2019 година** планирани се крводарителни акции со жителите на **Охрид** и вработените во РЕК Рудник **Битола.**

### *4.3. Минирања*

Од **Мактек ДООЕЛ** известуваат дека на ден **12.08.2019 година**, нивниот стручниот тим, ќе изврши минирање за потребите на компанијата "Гранит"АД Скопје на локалитетот - Експресен пат А2 (во изградба) ЛОТ 2: **под - делница Крива Паланка - Длабочица**. Минирањето ќе се изврши од 08:00 до 19:00 часот.

### *4.4. Останато*

**РЦУК – Битола,** ја пренесува информацијата од **СВР – Битола** во која се наведува дека околу 13.30 часот во **НП Пелистер** некаде над **с.Нижеполе** е изгубено 25 годишно женско лице (холандска државјанка). Од страна на **ПОРКОА РЦУК Битола** веднаш е известена **ДЗС ПО Битола**. Стапено е во контакт со странската државјанка и таа се наоѓа во релативно добра состојба. Во 14:30 часот **ДЗС ПО Битола** од тимот за спасување во планински услови испратиле две лица, а на терен ќе биле присутни и двајца вработени од **ДЗС Битола** и две лица ренџери **од ЈП НП Пелистер Битола**. Лицето е пронајдено во 15:10 часот од страна на ренџерите на **НП Пелистер Битола** веднаш потоа пристигнале и екипата на **ДЗС Битола**. Странската државјанка имала повреда на коленото но

била во добра здраствена состојба и е префрлена до местото каде што престојува.

**Оперативен центар на Центарот за управување со кризи на Р.Македонија, телефон 02/3249-211, 02/3249-212; факс: 02/3249-213, 02/3136-226; e-mail: situacionen.centar@cuk.gov.mk**

**Информацијата е изработена врз основа на:** Информација од РЦУК Скопје бр.220 од 08/09.08.2019; Информација од РЦУК Битола бр.16-3/220 од 08.07.2019 со Податоци за состојба со водите; Информација од РЦУК Струмица бр.16-3/465 од 08.08.2019 со Податоци за состојба со водите; Информација од РЦУК Велес бр.16-01/219 од 08.08.2019 со Податоци за состојба со водите; Информација од РЦУК Куманово бр.16-3/310 од 08.08.2019 со Податоци за состојба со водите; Информација од РЦУК Тетово бр.17-241 од 08.08.2019; Информација од РЦУК Охрид бр.16-3/263 од 08.08.2019 со Податоци за состојба со водите; Информација од РЦУК Штип бр.16-3/220 од 08.08.2019 со Податоци за состојба со водите; Вонредни информации од РЦУК-Штип од 08 и 09.08.2019; Известување за планирани прекини од ЕВН Македонија од 08.08.2019; Известување од Мактек ДООЕЛ од 08.08.2019; Информација од МЖСПП од 08.08.2019; Временска прогноза и хидролошка информација од УХМР од 08.08.2019; Известувања од АМСМ од 08.08 и 09.08.2019.

**Подготвил:** Башким Мемети
**Прегледал:** Иван Митевски

**ЦЕНТАР ЗА УПРАВУВАЊЕ**
**СО КРИЗИ**
**Оперативен дежурен центар**

**Доставено до:**

1. Претседател на Република Северна Македонија
   **Кабинет на Претседателот**
2. Влада на Република Северна Македонија
   **Кабинет на Премиерот**
   **Генерален секретар**
3. Министерство за внатрешни работи
   **Кабинет на Министерот**
   **ДОЦ на МВР**
4. Министерство за надворешни работи
   **Кабинет на Министерот**
5. **Агенција за Разузнување**
6. Министерство за одбрана
   **Кабинет на Министерот**
   **ОЦ на ГШ на АРМ**
7. Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство
   **Кабинет на Министерот**
   **Агенција за храна и ветеринарство**
   **Управа за хидрометеоролошки работи**
8. Министерство за здравство
   **Кабинет на Министерот**
9. Министерство за животна средина и просторно планирање
   **Кабинет на Министерот**
10. Министерство за транспорт и врски
    **Кабинет на Министерот**
    **Агенција за државни патишта**
11. Министерство за образование
    **Кабинет на Министерот**

12. Дирекција за заштита и спасување
13. ЈП „Македонски шуми“
14. Државен инспекторат за шумарство и ловство
15. ЕВН
16. Црвен крст на РМ
17. АМСМ
18. Мисија на ОБСЕ
19. Амбасада на САД
20. Амбасада на Р.Франција
21. Обединети нации (UNDSS)
22. Светска здравствена организација
23. ПК на Совет на Европа Скопје
24. Македонија Пат
25. Корисници во ЦУК (по посебен список)
26. Архива